македонски

# КАМНИК, МОЈОТ НОВ ДОМ

Добро е да се знае:

**Информативна брошура за доселеници**



БЕСПЛАТЕН ИЗВОД – ЗЕМИ МЕ СО СЕБЕ!

# СОДРИНА


- Административни услуги
- Социјални услуги
- Здравствено осигурување
- Како до лекар?
- Образование
- Вработување
- Спорт, култура и социјален живот
- Курсеви за словенечки јазик
- Помош при комуникација
- Полиција, противпожарна единица, служба за интервенција


Драги доселенички и доселеници,

Со оваа брошура, сакаме да Ви го олесниме почнувањето нов живот во нова околина. Оваа брошура Ви нуди информации за тоа како можат да Ви помогнат центрите за социјална работа и другите организации, каде и како да ги запишете децата во градинки или училишта, како да добиете здравствено осигурување и како да најдете лекар. Во неа, исто така, се дадени основни информации во однос на вработувањето, каде што можете да го учите словенечкиот јазик, што нудат спортските и културните друштва и што е на располагање за младите, како и каде може да добиете помош при комуникација.

Брошурата е еден од резултатите од пилот-активностите на транснационален проект PlurAlps (INTERREG за алпското подрачје), кој се фокусираше на тоа како да го направи алпското подрачје попривлечно за доселениците. Општините Јесеници, Камник и Постојна позитивно се одзваа на поканата на проектниот партнер на Институтот за урбанистичко планирање на Република Словенија со учество во проектот и со придонес кон поинклузивно опкружување за доселениците преку спроведување пилот-активности.

Се надеваме дека ја достигнавме нашата цел и Ви посакуваме благосостојба и активно вклучување во новата околина.

Автори

# АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ

## Што можам да уредувам во административната единица?

Во административната единица регулирате сè што е поврзано со дозволите за престој, регистрација на привремен/постојан престој, единечна дозвола за работа и престој (погледнете секција Вработување), склучување брак, издавање извод од матичната книга на родените и многу други работи (возачки дозволи, изгубени документи и сл.).

Може да поднесете барање за **дозвола за привремен престој** само ако легално сте влегле во Словенија и исполнувате други услови (на пример, студирање, работа во Словенија...). По правило, мора да аплицирате за прва дозвола за престој во претставништвото на Република Словенија во странство, додека, пак, продолжувањето на истата се врши во административната единица на Вашето место на престој. Ако се преселувате, мора да ја известите административната единица за Вашата нова адреса во рок од 8 дена.

За **дете родено во Словенија**, породилната болница посредува информации до административната единица, а изводот на раѓање се испраќа во Вашиот дом, но детето автоматски не станува државјанин на Словенија. За детето да има право на дозвола за престој, морате што поскоро да ги уредите сите потребни документи во Вашата земја на потекло (матичната земја). Кога детето ќе добие дозвола за престој, тогаш ќе има и право на здравствено осигурување.



Административна единица Јесенице / Upravna enota Kamnik
Glavni trg 24, 1240 Kamnik
(01) 831 8100, www.upravneenote.gov.si/kamnik

**Камник**

# СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**Како може да Ви помогне центарот за социјална работа?**

Можете да контактирате до центарот секогаш кога ќе имате проблем или ако се најдете во неволја. Ќе добиете помош од советниците. Тие можат да Ви обезбедат финансиска помош, како и помош за интеграција во заедницата, поддршка на семејството и децата, како и разни други видови советување.

**Прва социјална помош** претставува првиот разговор со стручно лице со кој сте разговарале за Вашиот проблем и заеднички сте побарале решение. Ќе добиете информации за видовите помош што Ви се достапни и како да ја добиете оваа помош – вклучително и финансиска помош.

**Како до прва социјална помош?** На Вашиот прв разговор со стручно лице може да дојдете за време на работното време. Нема потреба од претходно закажување. Во случај на вонредна состојба, стручните лица можат да Ви помогнат и надвор од работното време, доколку центарот е отворен.

**Лична помош** значи индивидуално долгорочно советување за решавање на Вашите проблеми и зависи од Вашите потреби. Ќе ви биде доделен советник, кој заедно со Вас ќе направи план за решавање на Вашиот проблем, и кој ќе Ве води при решавањето на проблемите и управувањето со Вашиот живот. Исто така, ќе Ве запознае и со видовите помош што можете да ја добиете во Вашата околина, која ја нудат други организации (Црвен крст, Каритас итн.).



**Помош на семејство дома** претставува помош при регулирањето на односите помеѓу членовите на семејството и грижата за децата. Во суштина е еквивалентна на личната помош, освен во однос на тоа дека повеќе членови на семејството се вклучени во советувањето.

**Помошта на семејството дома** е наменета за лица над 65 години или за лица што не можат да се грижат за себе. Помошта вклучува, на пример, помош во домаќинството, во личната грижа, во воспоставувањето социјални контакти и при извршувањето итни обврски.

**Финансиска помош:** Може да аплицирате за детски додаток, финансиска социјална помош, додаток за нега, намалена исплата на градинка, субвенција за храна за ученици и средношколци, субвенција за наем на стан, ослободување од придонеси за задолжително здравствено осигурување и/или услуги за социјална заштита и слично.

Повеќе за индивидуалните права можете да прочитате и на веб-страницата: https://www.csd-slovenije.si/.




**Камник**

Центар за социјална работа / Center za socialno delo Osrednja Slovenija, vzhod, Enota Kamnik
Usnjarska cesta 8, 1241 Kamnik
(01) 830 3280, www.csd-kamnik.si

# ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Здравственото осигурување ги покрива ризичните трошоци во случај на разболување, повреда или други здравствени потреби за кои е потребно да обезбедите соодветно здравствено и социјално осигурување (за време на болеста или повредата). Здравственото осигурување во Словенија е **задолжително** (основно) **и доброволно** (дополнително). Основната форма на здравствено осигурување е задолжителна за сите лица во Република Словенија и по правило ја регулира и ја плаќа работодавачот. Вие морате самите да си го уредите задолжителното здравствено осигурување кога сакате да ги пријавите за осигурување и членовите на семејството или ако сте ја изгубиле работата и немате право на паричен надоместок. Во овој случај, мора да го доставите образецот M-DČ до Фондот за здравствено осигурување на Словенија.

Задолжителното здравствено осигурување ги покрива само основните трошоци за лекување, па затоа исто така препорачуваме и склучување доброволно (дополнително) здравствено осигурување за покривање на разликата до целосната вредност на здравствените услуги, кои не се целосно покриени со задолжителното здравствено осигурување.

Пред да го склучите, Вие мора да имате склучено договор за задолжително осигурување. Дополнителното осигурување морате да го уредите сами во некоја од осигурителните компании што го нудат тоа. Тоа се Адриатик, Триглав и Взаемна.

Ако немате здравствено осигурување, секогаш можете да добиете итна медицинска помош, а за сè друго можете да се обратите во амбуланта за лица без здравствено осигурување.

**Камник**

Фонд за здравствено осигурување / Zavod za zdravstveno zavarovanje Slovenije, OE Ljubljana, Izpostava Kamnik
Ljubljanska cesta 1, 1241 Kamnik
(01) 307 7683, www.zzzs.si/imenik

**ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ:**

VZAJEMNA zdravstvena zavarovalnica
Ljubljanska cesta 4a, 1240 Kamnik
(01) 830 9960, www.vzajemna.si/sl/poslovalnice/poslovalnica-kamnik

ADRIATIC SLOVENICA d.d.
Maistrova 2, 1240 Kamnik
(01) 839 7166,
www.adriatic-slovenica.si/zavarovanje/zdravje

Zavarovalnica TRIGLAV d.d.
Maistrova 2, 1240 Kamnik
(01) 831 7056, www.triglavzdravje.si/sklenitev-zavarovanja/dopolnilno-zdravstveno-zavarovanje

# КАКО ДО ЛЕКАР?

Кога ќе го уредите задолжителното здравствено осигурување, треба да изберете матичен лекар што ќе го посетувате секогаш кога имате здравствен проблем. Можете да добиете список на слободни лекари во најблискиот здравствен дом. Во здравствениот дом има и детски и школски диспанзер, каде што покрај здравствените услуги, Ви се нуди и советување за Вашето дете или ученик.

Покрај матичниот општ лекар, избирате и матичен стоматолог и гинеколог.

Здравствените домови имаат и центар за советување каде што можете да добиете информации за одржување на здравјето, здрава исхрана, редовно движење, одржување оптимална тежина, живеење без нездрави навики (пушење, алкохол...), одржување добри односи и управување со стресот. Сите советувања и работилници се бесплатни и отворени за секој што сака да се грижи за своето здравје. За повеќе детали, проверете во најблискиот здравствен дом.

За **итна медицинска помош**, јавете се на бесплатниот број 112, односно посетете брза помош, која работи 24 часа.

**Камник**

Здравствен дом / Zdravstveni dom dr. Julija Polca Kamnik
Novi trg 26, 1241 Kamnik
(01) 831 8600, www.zdkamnik.si

Брза помош / Urgentna ambulanta
Novi trg 26, 1241 Kamnik
(01) 831 8715, www.zdkamnik.si

# ОБРАЗОВАНИЕ

## Кога, како и каде можете да го запишете Вашето дете во градинка?

Вашето дете можете да го запишете во градинка кога има наполнето 11 месеци. Ако има слободни места, можете да го запишете вашето дете во кое било време во текот на годината. За регистрација, појдете до најблиската градинка, каде што ќе добиете и формулар за апликација и други информации. Посетата на градинка не е задолжителна за детето и затоа градинката мора да се плати. Износот зависи од секоја градинка одделно како и од Вашите приходи. Можете да проверите кај Вашиот центар за социјална работа за да видите дали имате право на намалена исплата на градинка. За намалена исплата на градинка, мора да доставите барање еден месец пред Вашето дете да почне да оди во градинка.

## ...во основно училиште?

Во Словенија, основното образование е задолжително за учениците на возраст од 6 до 15 години. Основното училиште трае 9 години и е бесплатно. Во прво одделение од основно училиште ги запишувате децата што ќе наполнат 6 години во календарската година кога почнуваат да одат на училиште. Уписот во основно училиште е во февруари. Повеќе за уписите и програмата, дури и за децата што веќе биле запишани во основно образование, ќе добиете во најблиското основно училиште. Повеќе информации за намалена исплата за ручек и ужина ќе добиете во центарот за социјална работа.





## ...во средно училиште?

Средното образование се одржува во општо (гимназија) или стручно училиште и трае 3 или 4 години. Конкурсите за упис се објавуваат секоја година во февруари. Во тој период, во средните училишта се одржуваат и информативни денови, каде што можете да дознаете сѐ за програмите на училиштата. Запишувањето во средно училиште е во март. Средношколците, исто така, можат да имаат право на намалена исплата за ручек во училиштата.

## Образование за возрасни

Дали сте возрасна личност и сакате да го завршите Вашето образование? Дали сакате дополнително да се образувате? Постојат бројни можности за завршување и стекнување формално образование, како и учествување во бесплатни неформални програми во форма на работилници и предавања за личен раст, зајакнување на основните способности, полесна интеграција во локалното опкружување и сл. Имате вештини и знаења за одредена професија, но немате формални сертификати за нив? Во овој случај, можете да се приклучите во програмата **NPK – Национално стручно квалификување** (NPK – Nacionalna poklicna kvalifikacija) за да стигнете што е можно побргу до посакуваната професија. Контактирајте ги локалните изведувачи на образование за возрасни. Тие со задоволство ќе Ве советуваат и ќе Ви помогнат. Некои образовни програми за возрасни се бесплатни.

Образование за возрасни нуди и **Центарот на РС за стручно образование** (Center RS za poklicno izobraževanje), http://www.cpi.si/kontakt.aspx и **Центарот за деловна обука** (Center za poslovno usposabljanje), https://www.cpu.si/.



# ОБРАЗОВАНИЕ

**Камник**

**ГРАДИНКИ:**

Vrtec Antona Medveda Kamnik
Novi trg 26 B,1241 Kamnik
(01) 830 3330, www.vrtec-kamnik.si

Zasebni vrtec Zarja,
Perovo 28, 1241 Kamnik
059 075 300, 040 166 840, www.vrteczarja.si

Zasebni vrtec Sonček
Fužine 5, 1241 Kamnik
059 078 210, www.vrtecsoncek.com

Zasebni vrtec Peter Pan
Cankarjeva cesta 12 b, 1241 Kamnik
(01) 831 9423, (01) 831 9424, www.peterpan.si

**ОСНОВНИ УЧИЛИШТА:**

OŠ Toma Brejca
Šutna 39, 1241 Kamnik
(01) 830 3780, www.ostb.si



OŠ Frana Albrehta
Šolska ulica 1, 1241 Kamnik
(01) 839 6300,  www.os-fa.si

OŠ Marije Vere
Ljubljanska 16/a, 1241 Kamnik
(01) 830 3140, www.os-marijevere.si

OŠ Stranje
Zgornje Stranje 22, 1242 Stahovica
(01) 832 5433, www.os-stranje.si

OŠ Šmartno
Šmartno 27/a, 1219 Laze v Tuhinju
(01) 834 7001, www.ossmartno-tuhinj.si

OŠ 27. julij Kamnik
(Основно училиште со прилагодена програма)
Tomšičeva ulica 9, 1240 Kamnik
(01) 839 1145, 070 850 082, www.os-27julij.si

**СРЕДНИ УЧИЛИШТА:**

Gimnazija in srednja šola Rudolfa Maistra Kamnik
Novi trg 41A, 1241 Kamnik
(01) 830 3200, www.gssrm.si, www.gssrm.si/programi/izobrazevanje-odraslih
(исто така и образование за возрасни)



**ОСТАНАТО:**

Cirius, Center za izobraževanje, rehabilitacijo in usposabljanje Kamnik
Novi trg 43/a, 1241 Kamnik
(01) 831 7444, www.cirius-kamnik.si
(јавен институт за воспитување, образование и сеопфатна обука на деца и адолесценти со телесна попреченост или со разни долгорочни заболувања)

# ВРАБОТУВАЊЕ

Апликацијата за **работна дозвола** е вклучена во апликацијата за **единечна дозвола**, која на странците од трети земји им дозволува влез, престој и работа, односно можност за работење во Словенија. Ако сте веќе во Словенија, апликацијата за единечна дозвола ја доставувате до административната единица или при дипломатско-конзуларното претставништво на Словенија во Вашата земја. Ве молиме, **известете го Вашиот работодавец** пред да ја поднесете вашата апликација, бидејќи сите даночни обврски мора да се подмират на денот на пријавувањето.

Постапката за издавање дозвола ја води административната единица, додека, пак, Заводот за вработување издава согласност за дозволата доколку ги исполнувате сите услови. Условите зависат од видот на работата. Деталите ќе Ви бидат објаснети во Заводот за вработување, а, исто така, се достапни и тука: https://www.ess.gov.si/delodajalci/zaposlovanje_in_delo_tujcev/vrste_soglasij_in_pogoji.

За граѓаните од БиХ и Србија, Заводот за вработување издава дозволи за вработување за сезонска земјоделска работа за помалку од 90 дена.

**Самовработување**: Странците можат да се самовработат по една година непрекинат легален престој во Словенија или по уписот во деловниот регистар. Во овој случај не е потребна согласност од Заводот за вработување.

Можете да дознаете какви се Вашите права и обврски, како и на Вашиот работодавец при Работничкото советување на бесплатниот телефонски број 080 14 34 или на **http://www.delavskasvetovalnica.si**.



**Камник**

Завод за вработување на РС / Zavod RS za zaposlovanje, Urad za delo Kamnik
Kajuhova pot 11, 1241 Kamnik
(01) 831 6151, www.ess.gov.si/o_zrsz/naslovi_in_uradne_ure/

# СПОРТ, КУЛТУРА И СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ

За благосостојба во новото опкружување, исто така, се важни и **рекреативните активности**, па затоа Ве покануваме да се вклучите во која било активност во Вашата околина и така подобро да го запознаете локалното население. Тие се претежно бесплатни, организаторите секогаш добредојдено очекуваат нови учесници, а во однос на деталите морате да ги контактирате самите организатори.

**Спортски активности**: Спортските клубови се одговорни за спортски активности. Проверете ги адресите подолу и на интернет за сите активности што постојат во Вашата околина. Можете да се приклучите во локалната екипа за фудбал, кошарка, ракомет или одбојка или со Планинарското друштво да ги посетите околните врвови за да го запознаете уште подобро Вашиот нов дом.

**Културни активности**: Ако ве интересира културата повеќе од спортот, можете низ градот да посетите музеј, галерија, изложба или да се придружите на локалното културно друштво и заедно со другите членови да посетувате културни активности што Ве интересираат.

**Младинските центри** обезбедуваат место за средба и дружење, како и активности за средношколци, студенти и за сите млади. Се организираат социјални и културни настани, спортски активности и неформални образовни активности (работилници, курсеви, предавања, тркалезни маси).

**Библиотеките** се, исто така, вистинска ризница на информации за настаните во Вашата околина, па затоа посетете ја Вашата најблиска библиотека за да се информирате за најновите случувања. Библиотеките, исто така, организираат настани за Вашите мали деца и ученици.





# СПОРТ, КУЛТУРА И СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ

**Камник**

Со својата околина, Камник нуди бројни рекреативни и спортски активности што овозможуваат попријатно искористување на слободното време. Околните шуми произведуваат доволно чист воздух и истовремено претставуваат прекрасно опкружување за рекреација и релаксација. Само неколку чекори од стариот центар на градот почнува популарната рекреативна патека до Стариот замок, каде што сѐ уште се видливи урнатините на поранешните тврдини на замокот.

Поради својата богата историја, Камник крие многу културни споменици и богато културно наследство. Во текот на целата година, во Камник се одржуваат бројни концерти, театарски претстави, изложби и литературни вечери, патописни предавања... Тие најчесто се одржуваат во музеите, галериите, градската библиотека, културниот дом и во бројните културни друштва.

За повеќе детали во однос на настаните, проверете на интернет или на една од адресите подолу.

Институт за туризам, спорт и култура / Zavod za turizem, šport in kulturo Kamnik
Glavni trg 2, 1241 Kamnik
(01) 831 8250, www.visitkamnik.com

При туристичка информативна точка во центарот на градот на располагање се информации за Камник и околината, информативни материјали, сувенири, покани и билети за настани и пристап до интернет. Тие се добро запознаени со настаните во околината, па затоа посетете ги за да бидете известени за настаните на кои би можеле да присуствувате. Повеќето се бесплатни.

Завод Младински центар / Zavod Mladinski center Kotlovnica Kamnik
Fužine 10, 1241 Kamnik
070 405 484, www.kotlovnica.si

Главниот центар за средба со млади е Младинскиот центар Котловница, каде што млади луѓе од различна возраст и културно потекло се дружат, рекреираат и развиваат најразлични клупски активности.

Библиотека / Knjižnica Franceta Balantiča Kamnik
Ljubljanska cesta 1, 1241 Kamnik
(01) 831 1217, www.kam.sik.si

Во библиотеката има и интеркултурна збирка книги на хрватски, босански, српски, македонски и албански јазик. Посетете ја библиотеката за да откриете кои книги се достапни на Вашиот јазик. Децата, невработените лица и примателите на финансиска социјална помош можат да позајмуваат книги и други материјали бесплатно.

Друштво Макадам Камник / Društvo Makadam – Medgeneracijski center
druženja in aktivnosti Dnevna soba
Usnjarska ulica 9, 1241 Kamnik

Во Интергенерацискиот центар за дружење и активности, Дневна соба, своето катче ќе го пронајде секој, без оглед на возраста или потеклото. Добродојдени се сите што се подготвени да го споделат своето време и волја да помогнат во создавањето заедничко добро. Најредовни посетители се младите луѓе (па и помалку младите) кои се заинтересирани за креативност, бидејќи организираат бројни работилници за уметност, музика и литература. Во Дневната соба можете, исто така, да добиете помош при учењето или да побарате тивко катче за учење. Дневната соба е место за слушање и разговор, место кое служи како безбедно засолниште. Добредојдени сте.

Културно-спортско друштво Санџак / Kulturno in športno društvo Sandžak
v Sloveniji
Usnjarska 9, 1240 Kamnik
www.glas-sandzaka.si/

Друштвото Санџак првенствено е насочено кон зближување на бошњачките доселеници што сакаат да ја зачуваат својата култура и традиција. Нивната фолклорна група редовно посетува разни фестивали и настапува на бројни настани. Друштвото, исто така, периодично го објавува и весникот Гласот Санџак, кој е објавен на босански јазик.



# КУРСЕВИ ЗА СЛОВЕНЕЧКИ ЈАЗИК

Животот во нова околина со сигурност ќе Ви биде олеснет доколку го знаете словенечкиот јазик. Државјаните на трети земји (сите земји, освен државите-членки на ЕУ, ЕЕА и Швајцарија) имаат **бесплатен курс за словенечки јазик** организиран во рамките на програмата ZIP – Почетна интеграција на доселеници (ZIP = Začetna integracija priseljencev). Се спроведува низ цела Словенија, а контактите на изведувачите на курсевите се дадени подолу. Целосниот тековен список е објавен овде:

https://infotujci.si/vkljucevanje-v-slovensko-druzbo/brezplacni-tecaji-slovenskega-jezika/.

Можете да го посетувате курсот ако имате важечка дозвола за престој, не студирате или не сте го завршиле образованието во Словенија и ако не сте го положиле успешно испитот за словенечки јазик на основно ниво. Курсот трае до 180 часа, а услов за учество е сертификат од административната единица (Сертификат за исполнување на условите за учество во програмата – Potrdilo o izpolnjevanju pogojev za udeležbo v enotnem programu), за кој ќе мора да платите 22,60 евра. За да може да се оди на испит, потребно е минимум 80% посетеност на предавањата и тој е бесплатен.

Покрај гореспоменатите курсеви за словенечки јазик, можете да учествувате и во други активности насочени кон подобрување на знаењето и употребата на словенечкиот јазик. За повеќе информации, обратете се кај организаторите во Вашата област.

**Камник**

Бесплатниот курс за словенечки јазик, во рамките на програмата ZIP во Камник, го изведува јавниот завод Цене Штупар.

Јавниот завод Цене Штупар / Cene Štupar – CILJ
Šmartinska 134a, 1000 Ljubljana
(01) 234 4400, www.cene-stupar.si

Бесплатни курсеви за словенечки јазик се достапни и во библиотеката Франце Балантич во Камник, како и во Младинскиот центар Котловница.

Библиотека / Knjižnica Franceta Balantiča Kamnik
Ljubljanska cesta 1, 1241 Kamnik
(01) 831 1217, www.kam.sik.si

Завод Младински центар / Zavod Mladinski center Kotlovnica Kamnik
Fužine 10, 1241 Kamnik
(01) 831 8230, 070 405 484, www.kotlovnica.si

# ПОМОШ ПРИ КОМУНИКАЦИЈА

Ако ви треба помош при комуникација со службени лица, вработени во училишта, лекари или општо во интеграцијата во општеството, на располагање Ви се меѓукултурни посредници што зборуваат англиски, арапски, персиски, дариски фарси, албански и босански. За контакт од посредникот најблиску до Вас, контактирајте го Друштвото УП Јесенице.





Повеќе информации за приклучување кон словенечкото општество се достапни на

**https://infotujci.si/**

(само на словенечки и англиски).

Друштвото УП Јесенице / Društvo UP Jesenice
Cesta Maršala Tita 63, 4270 Jesenice
031 569 340, е-адреса: info@up-jesenice.org

# СЛУЖБА ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА

**Полиција, противпожарна единица, служба за интервенција**

Ако во кое било време се најдете во ситуација во која е загрозен Вашиот живот или животот на друго лице, јавете се на телефонскиот број 112 (амбулантни возила, пожарникари, полиција).

Ако сте биле жртва или сведок на кривично дело или, пак, се сомневате во кривично дело, јавете се во полиција на телефонскиот број 113.

Исто така, можете да се јавите во полиција анонимно и бесплатно на телефонскиот број 080 1200.




**Камник**

Полициска станица / Policijska postaja Kamnik
Tomšičeva ulica 4, 1241 Kamnik
(01) 830 3180, (01) 830 3198, www.policija.si, www.policija.si/o-slovenski-policiji/organiziranost/policijske-uprave/pu-koper/enote

Здружение за противпожарна заштита / Gasilska zveza Kamnik
Livarska ulica1, 1241 Kamnik
(01) 831 1223, www.gz-kamnik.si/domov/

Брза помош / Urgentna ambulanta
Novi trg 26, 1241 Kamnik
(01) 831 8715, www.zdkamnik.si

**Автори:**
Во подготовката на информативните брошури за доселеници, покрај Институтот за урбанистичко планирање на Република Словенија, кој е партнер во проектот PlurAlps и подизведувач на Центарот за информации, соработка и развој на невладини организации CNVOS, учествуваа и следниве учесници од пилот-подрачјата:

- Јесенице: Občina Jesenice, Center za socialno delo Gorenjska, Enota Jesenice, Ljudska univerza Jesenice in Društvo UP Jesenice.

- Камник: Občina Kamnik, Knjižnica Franceta Balantiča Kamnik, Zasebni vrtec Zarja, Center za socialno delo Osrednja Slovenija, Enota Kamnik, Javni zavod Cene Štupar – Center za izobraževanje Ljubljana.

- Постојна: Občina Postojna, Srednja gozdarska in lesarska šola, BOREO Regijsko stičišče NVO, Center za socialno delo Primorsko Notranjska, Enota Postojna.

**Автори на фотографиите:** архива на учесниците

**Иsдавач:** Urbanistični inštitut Republike Slovenije

**Прелом, дизајн и печатење:** SCHWARZ PRINT d.o.o.

**Тираж:** 1.200 копии

**Бесплатен извод**

Љубљана, октомври 2019

македонски



Urbanistični inštitut Republike Slovenije

Информативната брошура за доселеници е подготвена во рамките на проектот **PlurAlps: Доселување, културна разновидност и плурализам како можности за алпското подрачје** (11/2016 – 10/2019) во рамките на пилот-активностите на деловниот пакет 3:  Развој на понуди и услуги за доселеници. Информациите за доселениците се подготвени за пилот-подрачјата на проектот PlurAlps, т.е. за Јесеници, Камник и за Постојна и се достапни на четири јазици, имено: албански, англиски, босански и македонски.

Повеќе информации за проектот **PlurAlps** можете да најдете на

**www.alpine-space.eu/pluralps**

Проектот **PlurAlps** е кофинансиран од Европскиот фонд за регионален развој во рамките на програмата Interreg за алпското подрачје.